# Што значи забрана на влез или решение за распишување на предупредување за вас?

Вие сте добиле само забрана на влез или само решение за распишување на предупредување, или сте добиле и забрана на влез и решение за распишување на предупредување. Во решението кое сте го добиле стои зошто ви е дадена забрана на влез или решение за распишување на предупредување. Во оваа брошура ќе прочитате што е забрана на влез или решение за распишување на предупредување и што значи тоа за вас.

1. Што е забрана на влез?
2. Што значи решение за распишување на предупредување?
3. Колку време трае забраната на влез или решението за распишување на предупредување?
4. Што значи внесување на предупредување во информациски систем?
5. Кога ќе се отстранат вашите податоци од Информацискиот систем на Шенген [Schengeninformatiesysteem] (SIS) или од системот Спроведување и Предупредување [Executie & Signalering] (E&S)?
6. Што се случува, ако и покрај забрана на влез, се најдете во Холандија?
7. Што можете да направите вие ако не се согласувате со забраната на влез или решението за распишување на предупредување?
8. Кога ќе ви се дозволи пак да патувате за Холандија?
9. Како се поднесува барање за (привремено) укинување на забрана на влез или на решение за запишување на предупредување?
10. Што треба да правите ако имате прашања?

## 1. Што е забрана на влез?

За одреден временски период не ви е дозволено да патувате до земјите на Европската унија (ЕУ), Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Швајцарија или да престојувате во тие земји. Тука www.ind.nl/eueer и тука www.ind.nl/en/eueea можете да прочитате кои се земјите на ЕУ/ЕЕЗ. Сите тие земји во продолжение ќе ги нарекуваме ЕУ. Забраната на влез не важи за Ирска.

Забрана на влез ви се дава само во случај на решение за враќање. Тоа е решението во кое стои дека вие не смеете да бидете во Холандија, дека треба да заминете од ЕУ и да се вратите во земјата која е наведена во решението за враќање или во друга земја надвор од ЕУ (исклучувајќи ја Ирска) каде ви се дозволува да престојувате.

## 2. Што значи решение за распишување на предупредување?

Решението за распишување на предупредување изгледа како забрана на влез. Поради решение за распишување на предупредување не ви се дозволува да патувате за ЕУ или да престојувате таму. Можно е решението за распишување на предупредување во вашиот случај да важи само за Холандија. Решение за распишување на предупредување ви се дава ако претставувате опасност за јавниот ред и националната безбедност.

## 3. Колку време трае забраната на влез или решението за распишување на предупредување?

Колку години ќе трае забраната на влез или решението за распишување на предупредување зависи од вашата ситуација. Во решението кое сте го добиле стои колку трае за вас забраната на влез или решението за распишување на предупредување.

Времетраењето на вашата забрана на влез или решение за распишување на предупредување почнува да тече од датумот на вашето заминување од ЕУ. Ако вашето решение за распишување на предупредување важи само за Холандија, во тој случај рокот почнува да тече од датумот на вашето заминување од

Холандија. Ако службата IND знае дека вие сте заминале од ЕУ или од Холандија, тогаш вашата забрана на влез или решение за распишување на предупредување престанува по истекот на одредениот период. Во тој случај предупредувањето се отстранува од информацискиот систем. Потоа ви е дозволено пак да патувате за ЕУ или Холандија. Службата IND ќе знае дека вие сте заминале од Холандија дури откако вие тоа ќе го докажете при поднесување на вашето барање за укинување на решението за распишување на предупредување. Прочитајте под прашањето 4 што значи внесување на предупредување во информациски систем.

## 4. Што значи внесување на предупредување во информациски систем?

За вас ќе се внесе предупредување за забраната на влез или за решението за распишување на предупредување. Распишување на предупредување значи дека државните органи вашите лични податоци ќе ги внесат во еден информациски систем. Врз основа на предупредувањето кое е внесено за вас во информацискиот систем, граничната полиција и полицијата можат да видат дека вам ви е дадена забрана на влез или решение за распишување на предупредување.
По извршена проверка, тие можат да ве запрат на граница. Во тој случај не смеете да влезете во земјата. Во решението се наведува системот во кој ќе биде внесено предупредувањето за вас.

Постојат 2 система:

- Системот Спроведување и Предупредување [Executie & Signalering] (E&S): е информацискиот систем на холандската полиција и на Кралската воена полиција.
- Информацискиот систем на Шенген [Schengeninformatiesysteem] (SIS): е европски систем кој е достапен за граничната полиција и полицијата на Шенген земјите. За тоа кои земји спаѓаат во Шенген земји можете да прочитате на интернет страницата www.ind.nl/schengengebied или www.ind.nl/schengenarea.

Предупредување за вас може да биде внесено само во еден систем. Распишувањето на предупредување во системот SIS за забрана на влез или за решение за враќање и забрана на влез му претходи на распишувањето на решението за распишување на предупредување.

*Најпрвин распишување на предупредување за решението за враќање*
Распишувањето на предупредување за забрана на влез не се врши веднаш. Имено, за вас најпрвин се внесува предупредување за решението за враќање во системот SIS. Ако вие заминувате од ЕУ и службата IND знае за тоа, тогаш внесеното предупредување за вас ќе се измени во предупредување за забрана на влез. Вам не ви е повеќе дозволено да патувате за ЕУ ниту да бидете таму. Повеќе околу внесувањето на предупредување и решението за враќање можете да прочитате на интернет страницата www.ind.nl/nl/terugkeerbesluit или www.ind.nl/en/return-decision.

*Решение за распишување на предупредување и забрана на влез*
Решението може да содржи само едно решение за распишување на предупредување. Можно е, исто така, едно решение да содржи и решение за распишување на предупредување и забрана на влез.

*Право на престој во ЕУ и забрана на влез со решение за распишување на предупредување*
Ако вие веќе имате право на престој во една ЕУ-земја и холандските државни органи ви дадат забрана на влез за повеќе од 2 години и решение за распишување на предупредување, во тој случај Холандија ќе побара од таа ЕУ-земја да го повлече вашето право на престој. Ако таа ЕУ-земја го повлече вашето право на престој, тогаш во системот SIS за вас ќе се внесе предупредување само за решението за враќање и за забраната на влез. Ако го задржувате правото на престој тогаш службата IND ја укинува вашата забрана на влез и внесува предупредување за вас за решението за распишување на предупредување во системот E&S. Ако подоцна таа ЕУ-земја сепак го повлече вашето право на престој, тогаш службата IND решението за распишување на предупредување го внесува во системот SIS.

## 5. Кога ќе се избришат вашите податоци од SIS или E&S?

- Кога ќе стане сигурно дека истекол рокот на забраната на влез или на решението за распишување на предупредување, и дека вие од моментот на вашето заминување не сте се вратиле.

- Ако на службата IND и е познато дека вие по вашата забрана на влез сте добиле право на престој во една ЕУ-земја, тогаш службата IND ја укинува вашата забрана на влез и го отстранува внесеното предупредување за вас од системот SIS. Во случај на опасност за јавниот ред или националната безбедност за вас државните органи решението за распишување на предупредување можат да го внесат во системот E&S.
- Ако сте побарале да се укине вашата забрана на влез или решението за распишување на предупредување и тоа барање е одобрено. Под прашањето 9 е објаснето на кој начин можете да поднесете барање за укинување на тоа решение. Ако ви се одобри привремено укинување на забраната на влез или на решението за распишување на предупредување, тогаш предупредувањето за вас останува во системот SIS или во системот E&S.

## 6. Што се случува, ако и покрај забрана на влез, се најдете во Холандија?

Патување за Холандија и престој во Холандија се казнуваат. Може да ви се одреди затворска казна од најмногу 6 месеци или парична казна од неколку илјади евра. Тоа е предвидено во член 197 од холандскиот Кривичен законик и член 108 холандскит Закон за странци.

## 7. Што можете да направите вие ако не се согласувате со забраната на влез или решението за распишување на предупредување?

Тоа зависи од ситуацијата. Вие можете да поднесете приговор кај службата IND или да поднесете жалба на суд. Во решението е наведено на кој начин треба да го правите тоа.

## 8. Кога ќе ви се дозволи пак да патувате за Холандија?

- Кога ќе стане сигурно дека поминал рокот на забраната на влез или на решението за распишување на предупредување.
- Ако сте побарале да се укине вашата забрана на влез или решението за распишување на предупредување и тоа барање е одобрено.

## 9. Како се поднесува барање за (привремено) укинување на забрана на влез или на решение за запишување на предупредување?

Вие можете да побарате да се укине забраната на влез или решението за распишување на предупредување. Затоа што, на пример, вие морате да бидете во Холандија а сеуште не поминал рокот на вашата забрана на влез или на решението за распишување на предупредување. Ако се работи за вонредни и итни ситуации, можете да поднесете барање за привремено укинување.

Затоа што, на пример, рокот на забраната на влез или на решението за распишување на предупредување веќе поминал. И службата IND не знае дека вие сте заминале од Холандија ако за вас е распишано предупредување во системот E&S. Или ако службата IND не знае дека вие сте заминале од ЕУ ако за вас е внесено предупредување во системот SIS.

За барање на укинување треба да го употребите образецот *Verzoek tot opheffing van een ongewenstverklaring, inreisverbod of besluit tot signalering* [Барање за укинување на прогласување за несакано лице, забрана на влез или решение за распишување на предупредување] (9004 или 9504) на интернет страницата. Пополнете го и испратете го до службата IND. Барање за укинување може да поднесе и некој друг за вас. Во тој случај е потребно вие на тоа лице официјално да му дадете согласност да настапи во ваше име. За тоа треба да изјавите во образецот и да се потпишете за тоа. Тоа се вика полномоштво.

## 10. Што треба да правите ако имате прашања?

- Посетете ја нашата интернет страница www.ind.nl/inreisverbod или www.ind.nl/en/entry-ban.
- Јавете се по телефон на бројот за информации на IND: +31 88 043 04 30. Овој број е достапен од понеделник до петок од 09:00 до 17:00 часот.

*Од содржината на оваа публикација не можат да се стекнат никакви права. Ако преводот доведе до разлики во толкувањето, холандската верзија е водечка. Текстот од ова издание е дозволено да се користи со наведување на изворот.*